Врз основа на член 144 став 3 и став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3044/2 од 06.06.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 21-та седница одржана на 06.06.2016 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛОКАЦИИТЕ ДО КОИ ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ КОИ РЕЕМИТУВААТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ И ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ СЕ ДОЛЖНИ ДА ГО ИСПОРАЧААТ СВОЈОТ СИГНАЛ

## I. Општи одредби

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал.

## II. Посебни одредби

Член 2

Локациите за прибирање сигнал се утврдуваат согласно зоните на распределба дефинирани во Планот Женева 06 кој е дел од Регионалната радиокомуникациска конференција за планирање на дигиталната радиодифузна служба во делови од регионите 1 и 3 во радиофреквенциските опсези 174-230 MHz и 470-862 MHz (RRC-06) на која и пристапила Република Македонија, освен зоната Д1-Црн Врв којашто се состои од два региона на емитување - Скопје и Велес.

Член 3

Локациите за прибирање сигнали од операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се утврдуваат во следните градови:

- Скопје за регионот Д1- Црн Врв/Скопје, односно за општините: Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште
- Велес за регионот Д1- Црн Врв/Велес, односно за општините: Велес, Чашка, Свети Николе, Лозово, Градско, Росоман, Неготино и Кавадарци.
- Куманово за регионот Д2-Страцин, односно за општините: Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка и Кратово.
- Штип за регионот Д3 – Туртел, односно за општините: Штип, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци, Виница, Делчево, Пехчево и Берово.
- Струмица за регионот Д4- Боскија, односно за општините: Струмица, Радовиш, Конче, Василево, Босилево, Ново Село, Дојран, Богданци, Валандово и Гевгелија.

- Битола за регионот Д5-Пелистер, односно за општините: Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Пласница, Кичево и Македонски Брод.
- Охрид за регионот Д6-Мали Влај, односно за општините: Охрид, Струга, Вевчани и Дебарца.
- Дебар за регионот Д7 – Стогово, односно за општините: Дебар, Маврово и Ростуша и Центар Жупа и
- Тетово за регионот Д8-Попова Шапка, односно за општините: Тетово, Гостивар, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Желино, Јегуновце и Теарце.

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање го испорачуваат својот излезен сигнал до локациите утврдени во овој член заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата за аудио и аудиомедиумски услуги во Скопје.

Член 4

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локациите за прибирање сигнали лоцирани во секое од подрачјата на регионално ниво наведени во членот 3 од овој Правилник.

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни излезниот сигнал да го испорачуваат од тест точките.

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достават изјава заверена на нотар, дека излезниот сигнал кој го испорачуваат до локациите за прибирање сигнали е со идентична содржина со онаа која ја доставуваат до крајните претплатници.

Член 5

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кои обезбедуваат различни програмски пакети до крајните корисници, до локацијата за прибирање сигнали го испорачуваат сигналот кој ги содржи сите програмски сервиси опфатени со потврдите за регистрирање на збирен аналоген и/или дигитален програмски пакет.

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кои обезбедуваат исти програмски пакети во различни региони, излезниот сигнал можат да го испорачаат само до една од локациите утврдени во член 3 од овој Правилник. Сигналот кој го испорачуваат треба да ги содржи сите програмски сервиси опфатени со потврдите за регистрирање на збирен аналоген и/или дигитален програмски пакет.

Член 6

Сигналот којшто операторите на јавни електронски комуникациски мрежи или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање ќе го испорачуваат до локациите за прибирање сигнали утврдени во член 3 од овој

Правилник, треба да биде компатибилен со системот за програмски надзор на Агенцијата, обезбеден за оваа намена.

Сите трошоци поврзани со испорачување на излезниот сигнал до локациите за прибирање сигнали се на товар на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

## III. Преодни одредби

Член 7

Во периодот од 1 јули до 31 јули 2016 година ќе се врши тестирање на квалитетот на сигналот што операторите кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање го испорачуваат до локациите за прибирање сигнали согласно член 3 од овој Правилник.

**Влегување во сила**

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за утврдување на локациите за прибирање сигнал од операторите на јавните електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (бр. 01-2408/1 од 30.03.2015 година) и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на локациите за прибирање сигнал од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (бр. 01-1158/1 од 26.02.2016 година).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 август 2016 година.

**Бр. 01-3081/1**
**06.06 2016 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**